**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**
**Одделение за социјална, детска и здравствена заштита**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на еколошки превозни средства велосипеди**

Скопје, февруари 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2023 година, („Службен гласник на Град Скопје“ број 18/22 ), Советот на Град Скопје на _____ седница, одржана на __.__.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на еколошки превозни средства велосипеди

### Член 1

Со оваа одлука, Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на велосипеди.

### Член 2

Максималниот износ за поединечна субвенција за купување велосипед по лице се утврдува во износ од 100% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 11.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

Доделувањето на поединечната субвенција се врши врз основа на доказ дека е извршено купување на нов велосипед како поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории на подрачјето на Градот Скопје за купување велосипеди, при што задолжително е велосипедот да е целосно отплатен.

### Член 3

За субвенционирање на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, при купување велосипеди обезбедени се финансиски средства од Буџетот на Град Скопје.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на велосипеди.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________

__.__. 2023 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на предложената одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје и Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во град Скопје за 2023 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.18/22)

Еден од главните приоритети на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на социјална, детска и здравствена заштита е остварувањето социјална грижа и заштита на граѓаните од социјално ранливи категории. Во таа насока, Градот Скопје реализира програми и активности кои значително им помагаат на граѓаните од социјално ранливи категории во подобрување на квалитетот на нивното живеење.

Градот Скопје со оваа одлука ќе ги стимулира граѓаните од социјално ранливи категории да користат велосипеди, што претставуваат еколошки и економско исплатливи превозни средства и се дел од алтернативниот урбан превоз.

Со донесувањето на предложената одлука Советот на Градот Скопје во рамките на своите законски надлежности ќе придонесе кон остварување социјална грижа на граѓаните од социјално ранливи категории, создавање услови за независен живот и поголема мобилност.

Со предложената одлука се определува максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје за купување на велосипеди, за што Градот Скопје ќе им надомести 100% од трошоците направени при купување на превозното средство но не повеќе од 11.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.